0201-
30.05.2023

Точка 2/2
33-то Годишно Собрание на Акционери, 30/05/2023

***Предлог***

Врз основа на член 25 став 1 точка 2 од Статутот на ОКТА АД – Скопје, член 383 став 1 точка 2 и член 384 став 2 точка 2 од Законот за трговските друштва, а во согласност со член 483 од истиот Закон, Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје на својата 33-та седница на Годишното Генерално Собрание одржана на ден 30.05.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за распоредување на добивката утврдена во годишната сметка**
**и ревидираните финансиски извештаи за 2022 година**

**Член 1**

ОКТА АД – Скопје оствари добивка по оданочување (нето добивка) за годината која заврши на 31 декември 2022 година во износ од 545,996,565.00 денари.

**Член 2**

Нето добивката опишана во член 1 од оваа Одлука, ќе биде распоредена на следниот начин:

- Нето добивката, во износ од 545,996,565.00 денари ќе биде употребена за инвестиции (реинвестирана добивка).

**Член 3**

Дирекцијата за финансии и администрација се обврзува да ги преземе сите дејствија потребни за спроведување на оваа Одлука и да ја спроведе соодветната евиденција согласно оваа Одлука во сметководството веднаш.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на Акционери
Претседавач

Образложение

Согласно член 383 став 1 точка 2 и член 483 став 1 од ЗТД, како и согласно член 25 став 1 точка 2 од Статутот на Друштвото, во надлежност на Собранието на акционери е да одлучува за распределбата на добивката. Согласно член 384 став 2 точка 2 од ЗТД, на Годишното собрание, акционерите одлучуваат за употребата на чистата добивка или за покривање на загубата во претходната деловна година.

Согласно член 483 став 2 од ЗТД, во одлуката за распоредување на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката, а особено се наведуваат:
1) износот од добивката за покривање на загубата од минати години (доколку таква има);
2) износите коишто се внесуваат во законските и во статутарните резерви на друштвото;
3) износот којшто се исплатува во вид на дивиденда;
4) дополнителните издатоци врз основа на одлуката;
5) евентуалниот пренос на добивката во наредната година (акумулираната добивка) и
6) износот на добивката со којшто ќе се изврши зголемување на основната главнина на друштвото и износот од добивката за инвестиции.

Согласно член 28 став 1 од Законот за данокот на добивка, даночната основа се намалува за износот на извршените вложувања од добивката од претходната година (реинвестирана добивка). Согласно член 28 став 2, под реинвестирана добивка се подразбираат извршените инвестициски вложувања од добивката за развојни цели, односно вложувањата во материјални средства (недвижности, постројки и опрема) и нематеријални средства (компјутерски софтвер и патенти) за проширување на дејноста на даночниот обврзник.

Како дел од долгорочната деловна стратегија на Друштвото за транзиција кон деловни активности на зелена енергија, ОКТА веќе има инвестиции во фотонапонски електрани кои ги опслужуваат потребите на одредени потрошувачи, а исто така ја продава произведената електрична енергија на трговците со електрична енергија. За овие инвестиции ОКТА веќе поседува лиценца за вршење на енергетска дејност - производство на електрична енергија и посебна лиценца за вршење на енергетска дејност – трговија со електрична енергија. Следејќи ја дефинираната стратегија, Друштвото има намера значително да ги подобри можностите за производство и продажба на електрична енергија, со инвестирање во изградба на 12мВ фотонапонска централа на свое земјиште, за производство и продажба на електрична енергија добиена од сончева енергија, наменета за продажба на своите клиенти, и помал дел за задоволување на сопствените потреби од електрична енергија. За оваа цел, Друштвото веќе започна постапка за прибирање на понуди. Проценетата вредност на проектот се очекува да изнесува 9 милиони ЕУР. Предложената инвестиција во изградба на фотоволтаична централа од 12 мВ ќе и овозможи на ОКТА диверсификација од својата основна дејност, зголемувајќи го своето производство и трговија со електрична енергија, а истовремено постигнувајќи значителна ефикасност на трошоците во работењето, максимизирајќи го повратот на акционерите на Друштвото од таквата инвестиција.

Деловната 2022 година ОКТА АД – Скопје ја заврши со остварена чиста (нето) добивка во износ од 545,996,565.00 денари.

Врз основа на горенаведеното, и по консултации со своите даночни советници и Управата за јавни приходи, Одборот на директори на својот 204-ти состанок одржан на ден 26.04.2023

година, Одборот на директори ја утврди оваа предлог Одлука наменета за Годишното собрание на акционери, со предлог чистата (нето) добивка остварена во 2022 година да биде распоредена на начин што ќе биде искористена за инвестиција во 12мВ фотонапонска централа, целејќи со ваквата Одлука да се постигне проценета корист во износ од 54,599,656.00 денари како даночно намалување.